# МАЛИОТ ШТЕДАЧ




ЦИНГ!
ЦАНГ!!
-Бато, бато... што правиш со паричките?
-Еве штедам!
-Што е тоа штедам?


-Е, штедење значи да имаш парички во секое време, како мене!
-Еве бато, и јас имам паричка - денарче.
-Значи ли тоа дека ако соберам повеќе денарчиња и јас ќе штедам?
-За да штедиш, треба денарчињата да ги однесеш кај нивните другарчиња денарчиња, а тоа е во банка!
-По одреден период тие ќе бидат зголемени по број. Штедењето значи ако се потрудиш да штедиш, во иднина ќе имаш уште повеќе пари.


-А знаеш ли каде се
прават денарите?
-Не знам.
Денарите се прават во
Народната банка на
Република Македонија.


Дојди, ќе ти покажам
како изгледа
Народната банка,
а ќе ти ја покажам и
банката каде што ги
чувам моите денари!


-Еве овде се прават денарите,
ова е Народната банка,
а сега дојди со мене
да видиш каде штедам.


БАНКА
ATM
-Јас штедам во оваа банка. Банката се грижи за парите на штедачите.
Ајде да влеземе внатре.


ШАЛТЕР ЗА ШТЕДАЧИ
-Добар ден деца, дали можам да ви помогнам?


ШАЛТЕР ЗА ШТЕДАЧИ
-Дали можам и јас да бидам штедач како брат ми?


ШАЛТЕР ЗА ШТЕДАЧИ
БАНКА
-Јас ги ставив парите што ги добив за мојот роденден на мојата штедна книшка и така знам дека се безбедни и побројни.
ШТЕДНА КНИШКА
-Секако дека може, само за да ти отвориме штедна книшка треба да дојдеш со твоите родители.
ШАЛТЕР ЗА ШТЕДАЧИ
-Браво, ти си навистина умно момче и вреден штедач!
БАНКА
-А може ли кога ќе соберам доволно пари, да ги извадам од штедната книшка и да си го купам розовиот велосипед што стои во излогот на продавницата?


ШАЛТЕР ЗА ШТЕДАЧИ
- Да, тоа се само твои пари што ние ќе ти ги чуваме и секогаш кога ќе посакаш да си купиш нешто, ќе можеш да ги земеш.
БАНКА
- Но, како награда што си ги чувала парите во нашата банка, ти ќе добиваш и плус пари од нас, па ќе можеш да си купиш и нешто друго заедно со велосипедот.
-Не заборавајте деца,
КОЈ ШТЕДИ ИМА!

НАРОДНА БАНКА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Народна банка на Република Македонија • бул. Кузман Јосифовски - Питу бр. 1
1000 Скопје • Република Македонија • тел. 02/3108 108 • www.nbrm.mk